BRIMA DOO
III Mak. Brigada bb (Upravna zgrada Rade Koncar)
PO box 593, 1000 Skopje MACEDONIA
VAT No. MK 4030999372067
Tel/fax: ++389(02) 2461848
E-mail: office@brima.com.mk
Web www.brima.com.mk

# ПОЛИТИЧКИ БАРОМЕТАР

## Јули 2010 Јануари 2011

- Рејтинг на политички партии
- Престижот на политичките партии кај бирачите
- Мобилизирачкиот капацитет на политичките партии

BRIMA Март 2011

**ПОЛИТИЧКИОТ БАРОМЕТАР** на БРИМА[1] е дел од Омнибус истражувањето кое се спроведува повеќе пати во годината во кое се опфатени повеќе теми од сферата на социолошки, политички, маркетиншки и медиумски прашања. Политичкиот Барометар се реализира со стандардизирана батерија прашања кои се однесуваат на клучните аспекти на актуелната политичка ситуација во земјата.

Во ова издание на Политичкиот Барометар на БРИМА се прикажани резултатите од последните три Омнибуса реализирани во периодот јули 2010 јануари 2011 година.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Наодите се засновани на одговорите на репрезентативен примерок кој опфаќа повеќе од 1150 анкетирани полнолетни граѓани на Република Македонија на возраст 18+ години, маргина на грешка:+/- 2.89%

Дизајн на примерокот: повеќестепен стратификуван случаен примерок според податоците од Државниот Завод за Статистика за проценки на населението во Република Македонија на 31 12 2009 г. Примерокот е репрезентативен според пол, возраст, национална припадност, место на живеење во 8-те региони во Република Македонија. Демографијата на анкетираните опфаќа и образование, работен статус, занимање, број на членови во домаќинството и месечни приходи.

Теренската работа е спроведена од страна на повеќе од 80 анкетари и 14 супервизори на БРИМА во над 170 сектори (sample points) во општините ширум земјата.

Теренските анкети се реализирани од:

- од 13 до 19 јули 2010 г.
- од 22 до 29 октомври 2010г.
- од 26 јануари до 3 февруари 2011 г.

.

RR (Response Rate - стапка на прифаќање на интервју се пресметува според формула за релациите помеѓу посетени адреси, остварени контакти со граѓаните според стандардна процедура во рамките на планираниот примерок и комплетирани интервјуа)

Јули 2010 RR = 72.3%

Октомври 2010 RR = 67.5%

Јануар/февруар 2011 RR = 69.7%

Варијациите на RR се во рамките на прифатени стандарди за теренски интервјуа.

[1]БРИМА е Македонски член на Gallup International Association од 2002 година.

## Рејтинг на политички партии

Резултатите од истражувањата, во периодот јули 2010 јануари 2011, покажуваат динамички промени во бирачкото расположение на граѓаните во Република Македонија.

Основен белег на промените во бирачкото расположение во овој период е трендот на зголемување на бројот на анкетирани кои не се изјаснуваат за која политичка партија ќе гласаат на парламентарните избори. Агрегираните резултати на анкетираните кои изјавиле дека нема да гласаат, неодлучни се дали и за кого ќе гласаат, одбиваат да одговорат и оние кои кажале дека не знаат, во јули изнесува 53.1%, во октомври 2010 54.1% и на крајот на јануари почетокот на февруари 2011 се зголемил на 55.3%.

Овие промени пред се се должат на намалениот број на неодлучни од 18% на околу 16% и на константниот број на оние кои одговориле дека не знаат (околу 4%). Меѓутоа бројот на анкетираните кои рекле дека нема да гласаат се зголемил од 24% на 26% и на оние кои одбиле да одговорат на прашањето за кого ќе гласаат од 6% на 9%. Овие динамички промени како краен ефект резултираат со зголемен број на анкетираните граѓани кои не се изјаснуваат за кого ќе гласаат на парламентарните избори.

| **Доколку се одржат парламентарни избори денес, за која поли тичка партија ќе гласате ?** | Јануари 2011 | Октомври 2010 | Јули 2010 |
|---|---|---|---|
| **База: сите испитаници** | **1158** | **1172** | **1153** |
| ЛДП | .3% | .3% | .4% |
| ПДП | | .1% | .3% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 18.0% | 19.7% | 22.1% |
| ЛП | .1% | .2% | |
| СДСМ | 11.2% | 9.8% | 9.9% |
| ДУИ | 8.6% | 8.0% | 7.4% |
| Социјалистичка Партија | .2% | | .1% |
| ДПА | 2.9% | 2.9% | 2.8% |
| ВМРО-Народна | .2% | .1% | .3% |
| НСДП | .3% | .1% | .2% |
| ДОМ | | .2% | |
| Партија за Европска Иднина | .4% | .3% | |
| Турска Демократска Партија | .1% | .9% | 1.1% |
| Партија за движење на Турците | .1% | | |
| Демократска Унија на Албанците | .1% | .1% | |
| Нова Демократија | .9% | 1.3% | .9% |
| Обединети за Македонија | .6% | .3% | .4% |
| Партија на Руфи Османи | .4% | | |
| Друга | .3% | 1.6% | 1.1% |
| Неодлучен | 15.7% | 19.6% | 18.3% |
| Нема да гласа | 26.3% | 23.9% | 24.5% |
| Одбива да одговори | 9.2% | 6.5% | 6.0% |
| Не знае | 4.2% | 4.2% | 4.3% |
| **Вкупно** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** |

Во овој период на водечка позиција во електоратот е ВМРО ДПМНЕ но со тренд на намалување од 22.1% во јули 2010 на 18.0% во јануари 2011 г. Рејтингот на најголемата опозициона партија СДСМ во овој период бележи благ пораст од 9.9% на 11,2%. Рејтингот на ДУИ истотака бележи благ пораст од 7.4% на 8.6% додека рејтингот на ДПА е константен 2.8- 2.9%. Кај останатите партии варијациите се околу еден или помалку од еден посто.

Индикативен резултат е спонтаниот одговор добиен за партија на Руфи Османи доколку евентуално се формира (0.4%).

Рејтингот на партиите може да се анализира и во рамки на сегментот на електоратот во кој постојат индикации за поизразена бирачка мотивација.

| **Доколку се одржат парламентарни избори денес, за која политичка партија ќе гласате ?** | Јануари 2011 | Октомври 2010 | Јули 2010 |
|---|---|---|---|
| **База: Само Гласачи** | **853** | **891** | **871** |
| ЛДП | .4% | .4% | .5% |
| ПДП | | .1% | .4% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 24.5% | 25.9% | 29.3% |
| ЛП | .1% | .2% | |
| СДСМ | 15.2% | 12.9% | 13.0% |
| ДУИ | 11.6% | 10.5% | 9.8% |
| Социјалистижка Партија | .2% | | .1% |
| ДПА | 3.9% | 3.8% | 3.7% |
| ВМРО-Народна | .3% | .2% | .4% |
| НСДП | .4% | .2% | .2% |
| ДОМ | | .3% | |
| Партија за Европска Иднина | .5% | .4% | |
| Турска Демократска Партија | .1% | 1.2% | 1.5% |
| Партија за движење на Турците | .2% | | |
| Демократска Унија на Албанците | .1% | .1% | |
| Нова Демократија | 1.3% | 1.7% | 1.2% |
| Обединети за Македонија | .9% | .4% | .6% |
| Руфи Османи | .5% | | |
| Друга | .4% | 2.1% | 1.4% |
| Неодлучен | 21.3% | 25.7% | 24.2% |
| Одбива да одговори | 12.4% | 8.5% | 7.9% |
| Не знае | 5.7% | 5.5% | 5.7% |
| **Вкупно** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** |

* Во оваа табела се прикажани резултатите од анкетите кога од вкупниот број на анкетирани се изземат анкетираните кои изјавиле дека нема да гласаат со што се добива база за рејтингот на политичките партии во рамки на гласачкото тело кај кое постојат поизразени индикации дека ќе гласаат на изборите.

Од табелата се гледа дека рејтингот на партиите во сегментот на електоратот каде постојат поизразени индикации на спремност да партиципира во парламентарните избори се движи од 29.3% за ВМРО ДПМНЕ во јули до 24.5% во јануари. Кај СДСМ од 13% во јули до 15.2% во јануари. Во овој дел од електоратот рејтингот на ДУИ се движи од 9.8% до 11.6%, ДПА 3.7% до 3.9%.

Треба да се земе предвид дека во овој "активен" сегмент на бирачкото тело повеќе од една третина анкетирани, во периодот кога се спроведени истражувањата, не се изјасниле за кого ќе гласаат од 37.8% во јули до 39.4% во јануари. Пропорцијата на вакви одговори на анкетираните го дефинира "просторот" каде политичките партии можат да придобијат одреден број гласачи од што ќе зависи конечниот однос на силите помеѓу политичките партии на денот на изборите. Праксата во досегашните избори покажува дека кај сегментот на бирачки неизјаснетите во периодот пред изборите се присутни две основни тенденции. Една е тие, особено во периодот на предизборната кампања, да се приклонат на некоја политичка партија а другата е да се определат за апстинирање од изборите.

## Престижот на политичките партии кај бирачите

Актуелната политичка клима во земјата во голем степен е одредена од престижот на политичките партии во електоратот. Резултатите од истражувањата покажуваат дека партија со најголем престиж е ВМРО ДПМНЕ која во јули ја перцепираат како победничка 43.2% а во јануари оваа година 33.2%. Истотака и перцепцијата на СДСМ во овој период се менува. Во јули престижот кај граѓаните на СДСМ како победничка партија изнесува 11.9% а во јануари опфаќа 17.6% од анкетираните.

| **Според вас која партија ќе победи доколку се одржат предвремени парламентарни избори?** | Јануари 2011 | Октомври 2010 | Јули 2010 |
|---|---|---|---|
| **База: сите испитаници** | **1158** | **1172** | **1153** |
| ЛДП | | .2% | .1% |
| ПДП | .1% | .2% | 1.0% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 33.2% | 39.9% | 43.2% |
| Либерална партија | .4% | .3% | .2% |
| СДСМ | 17.6% | 13.4% | 11.9% |
| ДУИ | 7.4% | 7.2% | 6.8% |
| Социјалистичка партија | .1% | | .1% |
| ДПА | 1.7% | 2.9% | 1.7% |
| ВМРО-Народна | .2% | | .1% |
| НСДП | .1% | | |
| Партија за Европска Иднина | | | .1% |
| Турска Демократска Партија | .1% | .2% | |
| Партија за движење на Турците | .1% | | |
| Нова Демократија | .8% | .7% | 1.1% |
| Обединети за Македонија | 1.0% | .5% | .2% |
| Партија на Руфи Османи | .1% | .4% | .2% |
| Ниедна | | .1% | .8% |
| Друга | .3% | .2% | .1% |
| Некоја нова партија | .1% | .4% | .6% |
| Тоа мене не ме интересира | 12.1% | 11.9% | 5.5% |
| Одбива да одговори | 4.1% | 3.9% | 3.9% |
| Не знае | 20.7% | 17.7% | 22.3% |
| **Вкупно** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** |

И за ВМРО ДПМНЕ и за СДСМ заедничко е тоа дека нивниот престиж е поголем во однос на нивниот изборен рејтинг што укажува на тоа дека тие две партии го привлекуваат вниманието и го побудуваат политичкиот интерес на

мнозинството граѓани во земјава (55% во јули, 51% во јануари) и имаат најголемо влијание во одредувањето на политичките расположенија на граѓаните.

Од друга страна престижот на ДУИ и ДПА е под нивниот изборен рејтинг што може да претставува индикација за поголема резервираност во редовите на електоратот кој ги подржува овие две партии.

## Мобилизирачки капацитет на политичките партии

Одговорите на прашањето која политичка партија е најдобро за Македонија да победи на следните парламентарни избори го манифестираат мобилизирачкиот капацитет на партиите во електоратот.

Податоците покажуваат дека мобилизирачкиот капацитет на ВМРО ДПМНЕ е поголем во однос на неговиот изборен рејтинг за околу 4% и е квантитативен показател за потенцијалите што и стоеле на располагање на партијата на крајот на јануари годинава. Мобилизирачкиот потенцијал на СДСМ е за околу 6% поголем од неговиот изборен рејтинг. Кај ДУИ мобилизирачкиот потенцијал во јануари е помал за 1% во однос на неговиот изборен рејтинг што може да укажува на намалена бирачка мотивираност во редовите не неговите поддржувачи. Кај ДПА изборниот рејтинг генерално се поклопува со мобилизирачкиот потенцијал.

| **Која партија би било најдобро за Македонија да победи на следните парламентарни избори?** | Јануари 2011 | Октомври 2010 | Јули 2010 |
|---|---|---|---|
| **База: сите испитаници** | **1158** | **1172** | **1153** |
| ЛДП | .6% | 1.2% | .4% |
| ПДП | .1% | .2% | .7% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 21.9% | 24.8% | 28.5% |
| Либерална партија | .4% | .5% | .6% |
| СДСМ | 16.8% | 14.8% | 12.8% |
| ДУИ | 7.7% | 6.2% | 7.2% |
| Социјалистичка партија | .1% | .1% | .4% |
| ДПА | 3.0% | 3.2% | 2.9% |
| ВМРО-Народна | .3% | .6% | .5% |
| НСДП | .3% | .3% | .4% |
| ДОМ | .3% | .1% | .2% |
| Обединета Партија за Еманципација | .1% | | |
| Партија за Европска Иднина | .1% | .4% | |
| Турска Демократска Партија | | .3% | .5% |
| Партија за движење на Турците | .2% | .1% | |
| Демократска Унија на Албанците | .1% | | |
| Нова Демократија | 2.4% | 1.8% | 2.3% |
| Обединети за Македонија | 1.5% | .7% | .6% |
| Партија на Руфи Османи | .5% | .9% | .7% |
| Ниедна | .7% | 1.8% | 2.2% |
| Друга | .5% | 1.0% | 1.3% |
| Некоја нова партија | 4.6% | 2.8% | 3.6% |
| Тоа мене не ме интересира | 13.8% | 14.8% | 6.9% |
| Одбива да одговори | 5.2% | 5.2% | 5.6% |
| Не знае | 18.8% | 18.1% | 21.7% |
| **Вкупно** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** |

Параметрите на престижот и мобилизирачкиот капацитет ги поврзува еден заеднички феномен на тренд со сигнификантен пораст на индикации за намален интерес на граѓаните за изборите.

Кај показателите за престижот на политичките партии бројот на анкетирани кои изјавиле дека не ги интересира која партија ќе победи на парламентарните избори од 5.5% во јули (што може да се процени на околу 90 илјади полнолетни граѓани во земјава со право на глас) пораснал на 12% (околу 190 илјади).

Кај показателите на мобилизирачкиот капацитет на партиите тој ефект на намален интерес е уште поизразен и се движи од околу 7% во јули (110 илјади) до околу 14% во јануари годинава (220 илјади).

Уште еден значаен показател во контекстот на мерењето на мобилизирачките капацитети на партиите претставува растечкиот број на анкетирани граѓани кои сметаат дека за Македонија најдобро е да победи некоја нова партија. Во јули нивниот број изнесува 3.6%, во октомври 2010 2.8% и јануари 2011 г. 4.6%. Овие податоци на своевиден начин покажуваат потреба кај граѓаните од нешто "ново " некаква нова политичка понуда на политичката сцена во земјава.

Варијациите на овој параметар можат да се проценат дека опфаќаат од 58 илјади во јули до 74 илјади потенцијални гласачи во јануари 2011 година.

ЗАБЕЛЕШКА: Анализата на резултатите се задржува кај категориите на одговори кои даваат доволна статистичка база за проценувања на промените во показателите од истражувањето.

БРИМА
07 03 2011 г.